Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
**М А Ш И Н С К И  Ф А К У Л Т Е Т – Скопје**

## Balkan Case Challenge 2010

На 26-ти и 27-ми март беше одржан настанот “Balkan Case Challenge 2010” чија цел е да ги зголеми компетенциите и новите перспективи за најдобрите студенти од Албанија, Австрија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Косово, Македонија, Молдавија, Црна Гора, Романија, Србија и Словенија преку зајакнување на соработката помеѓу високото образование и работодавците преку креирање на нови можности за вработување.



Во двата дена на Машинскиот факултет во соработка со Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, WUS, Австрија (World University Services), Австриската развојна агенција и Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) беа одржани неколку обуки за учесниците како и натпреварот за студија на случај каде што беа избрани најдобрите учесници кои ќе ја претставуваат нашата република на интернационалниот натпревар во Виена, Австрија. На настанот беа присутни повеќе од 50 учесници, претежно студенти од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. За повеќе информации околу натпреварот можете да ја посетите официјалната web страна (www.bcchallenge.org).

## СТИПЕНДИИ

На 31.03.2010 година во просториите на Машинскиот факултет се одржа презентација на можностите за аплицирање за Fulbright стипендиите во соработка со претставници од американската амбасада при Р. Македонија

## ДЕЛЕГАЦИЈА

На 30. 03. 2010 Машинскиот Факултет го посети делегација од Агенцијата за странски инвестиции во Република Македонија со г-дин Крис Кастнер, менаџер за интернационални операции на компанијата Palfinger. Оваа австриска компанија е основана во 1935 година и веќе подолг период е интернационален лидер во производството на хидраулични системи за подигање и товарење на материјали. Оваа компанија има свои производствени погони во Европа, Северна и Јужна Америка и во Азија. При посетата беа презентирани активностите на Факултетот, наставните програми и активностите на студентите како и можностите за поддршка на нивнита идни инвестициски активности во земјава.

## ПОСЕТА

Во организација на Кабинетот на Министерот Веле Самак, на 04. 03. 2010 година Машинскиот Факултет го посетија претставници на компанијата Optare, реномиран производител на автобуси со производни капацитети во Англија. Главниот извршен директор г-дин Џим Сумнер и членот на надзорниот одбор на компанијата, г-дин Џон Фиклинг оствария неколку дневна посета на Република Македонија, како дел од нивните активности за остварување на инвестиција во нашата земја за производство на автобуси со можност за нови 200-300 работни места. При посетата на нашиот Факултет беа разгледани капацитетите на Факултетот, профилот на студенти кои овде се креира како и можностите за соработка.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец март 2010 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, во согласност со динамиката за реализирање на научноистражувачки проект, во период од 16-21 март 2010 година, оствари студиски престој во Универзитетскиот центар CIPRS во Рим, Италија.
2. Пом.асс. Телента Маријо оствари студиски престој на Машинскиот факултет во Љубљана, Словенија во период од 11-12 март 2010 год.
3. Доц. д-р Виктор Гаврилоски оствари службено патување во Берлин, Германија и Брисел, Белгија со цел учество на состанокот на работната група на Темпус проектот во кој учествува и доц. Гаврилоски.
4. Доц. д-р Дарко Данев во период од 15-19 март 2010 година реализира службено патување во Љиви, Украина заради посета на фабрика за производство на автомобили како преставник на МФС во владината делегација на РМ.
5. Доц. д-р Виктор Стојмановски, во својство на проектен менаџер на Европскиот информативен и иновативен центар во РМ од 8 до 11 март 2010 год. присуствуваше на состанокот на Управната група на центарот во Брисел, Белгија.
6. Вон. проф. д-р Валентина Гечевска во период од 26.02 до 5.03.2010 година во својство на проектен координатор учествуваше на повеќе активности на проектниот Конзорциум кај партнер институцијата Универзитет во Нови Сад, Р. Србија.
7. Проф. д-р Јасмина Чалоска учествуваше на состанокот на преставниците на меѓународен проект во кој таа учествува, а кој се одржа во Истанбул, Турција, во период од 6 до 10 март 2010 година.
8. Вон. проф. д-р Јасмина Чалоска и вон. проф. д-р Атанас Кочов на 11 и 12 март 2010 година присуствуваа на координативниот состанок со членките на ЕУРЕКА проектот одржан во Цеље, Р.Словенија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**02.04.2010**
**ВЕЛИКИ ПЕТОК, ПЕТОК ПРЕД ВЕЛИГДЕН**

**05.04.2010**
**ВЕЛИГДЕН, ВТОР ДЕН НА ВЕЛИГДЕН**

**22.04.2010**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**29.04.2010**
**19 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.
Иван Поп Тонев, дипл. ел. инж

**Година 2009, март, број 89**

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## ДЕН НА ДРВОТО

Денот на дрвото 30.03.2010 година на Машинскиот факултет беше одбележан соодветно. Во добро расположение и убаво време, вработените и студентите на Машинскиот факултет засадија повеќе од 50-тина дрва во кругот на Факултетот. Се надеваме дека засадените дрва ќе фатат корен и ќе израснат високо и гордо.

